## Сигурносни препораки

При користење на услугите на електронско банкарство на Штедилница ФУЛМ на своите корисници Штедилница ФУЛМ им препорачува да ги следат следните препораки:

### Лозинка

Кога се избира лозинка за пристап препораката е да се избере квалитетна, сложена лозинка. Истата не треба да се споделува со други лица и идеално би требало само да се памети, односно да не се запишува никаде.

При првата најава за користење на услугите на електронско банкарство на Штедилницата потребно е да внесете Ваша лозинка, која само Вие ја знаете. Лозинката за пристап на услугите на електронско банкарство на Штедилница ФУЛМ мора да содржи најмалку 8 карактери, задолжителни карактери се: мала буква, голема буква, специјален знак (@$!%*?&#) и број.

Истата лозинка не треба да се користи за пристап до други сајтови бидејќи доколку напаѓачот успее да ја дознае лозинката на кој било од тие сајтови, ќе ја знае и за електронското банкарство. Треба да се практикува менување на лозинката на одреден период за да се намали ризикот од злоупотреба при евентуална нејзина кражба.

### Заборавена лозинка

Доколку сте ја заборавиле Вашата лозинка за користење на услугите на електронско банкарство на Штедилница ФУЛМ, посетете ја која било филијала на Штедилницата каде што нашите вработени ќе Ве водат низ постапката за вадење нова лозинка.

### Одјавување по завршување на потребата од користење на услугите на електронско банкарство

По завршување на работата препорака е одјавување од Вашата сметка. Доколку се остане најавен, постои ризик некој кој има физички пристап до уредот од кој сте најавени да го искористи и злоупотреби истото, односно да има увид и пристап до Вашата сметка без да има потреба да Ви ја знае лозинката.

### Пристап до електронско банкарство

За пристап до електронското банкарство користете ја официјалната веб-страница на Штедилница ФУЛМ и притоа осигурете се дека користите https протокол којшто можете да го видите во URL лентата во Вашиот интернет пребарувач (пр. https://e.fulm.com.mk). Мобилната апликација на Штедилницата mFULM инсталирајте ја од листата на прифатливи продавници на мобилни апликации, односно:

Google Play Store – наменета за мобилни уреди базирани на Android оперативниот систем.

Apple App Store – наменета за мобилни уреди базирани на iOS оперативниот систем.

## Крадење на информации

Штедилницата и нејзините вработени нема никогаш да прашаат за Вашата лозинка за пристап за користење на услугите на електронско банкарство. Доколку добиете е-пошта во која се бара Вашата лозинка и/или корисничко име, се работи за обид некој да ги дознае Вашите информации. Не кликајте на линкови во е-поштата и избришете ја пораката. Секој обид за доаѓање до овие Ваши податоци од било кое лице, било да е лично, по телефон, во простории на Штедилницата или преку Интернет, веднаш третирајте го како обид за кражба.

## Избегнување на користење на слободен безжичен интернет пристап и јавни уреди

Треба да се избегнува користење на слободен безжичен интернет пристап, како што може да се сретне на јавни места, аеродроми, ресторани и др. и користење на јавни уреди, за најава и користење на услуги на електронско банкарство.

## Оперативни системи и апликативен софтвер

Препорака е да се користат легални верзии на оперативни системи и апликативен софтвер кои редовно се надградуваат со најновите верзии издадени од производителот. Исто така препорака е да се користат антивирусни пакети и редовна надградба.

## Редовна проверка на состојбата и трансакциите

Препорака е да се прави редовна проверка на состојбата и трансакциите, и доколку се забележат определени нелогичности, за истото веднаш да се извести Штедилницата.